Предлог

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 18 став 2 и 3 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата(„Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21) и член 22 став 2 и 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.01/26), а во согласност со член 7 од Деловникот на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес бр.25-2932/3 од 22.05.2025 година,

Советот на Општина Велес на 15-та седница одржана на ден _.09.2026 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување член на Одборот за подигање
на спомен обележја во Општина Велес

1. Со ова Решение, за член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес, се именува:

- _____,од редот на историчарите.

2.Мандатот на членот трае се додека не биде разрешен од надлежниот орган кој го именувал.

3. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Образложение

Советот на Општина Велес, на 09-та седница одржана на ден 12.03.2026 година донесе Решение за именување член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес со бр. 09-1413/52 од 12.03.2026 година, со кое се именува - Цветанчо Тодоровски, за член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес, од редот на историчари.

Согласно член 18 став 2 и 3 од Законот за меморијалните споменици и спомен обележјата(„Службен весник на Република Македонија" бр.66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103/21): (2)„Советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје именува Одбор за подигање на спомен-обележје" и (3) „Одредбите на членовите од 10 до 16 на овој закон соодветно се применуваат и на спомен–обележјата".

На ден 26.08.2026 година, од страна на именуваниот член Цветанчо Тодоровски, доставено е Барање со бр.09-3642/1 за разрешување на член на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес, поради лични причини.

Со цел непречено функционирање на Одборот за подигање на спомен обележја во Општина Велес, потребно е да се именува нов член.

Врз основа на горенаведеното, се предлага ова Решение до Советот.